

25.08.2011

На покана на заменикот на градоначалникот, советникот Кире Димовски, во кабинетот на градоначалникот се одржа координативен состанок со претстаници на сите јавни претпријатија, установи и други јавни институции. Предмет на разговор беше претстојното одбележување на Втори септември, Денот на општината, и Осми септември, денот на независноста.

На присутните им беше презентиран Протоколот за целокупната организација и планираните активности за што посвечено и подостоинствено одбележување на двата датума. Посебно внимание беше посветено на свеченостите што ќе се одржат на 7 – ми септември и свеченостите што ќе се организираат во текот на септември кој што со одлука на Владата на РМ е прогласен за Месец на државност.

По повод Денот на општината, на Втори септември општината ќе ја посетат пратениците од Австралија и Азија и Америка и Канда – Милорад Додевски и Павле Саздов, претседателот на Демирхисарското хуманитарно друштво во Сиднеј Австралија, Рубин Нешковски и претставникот од секторот за национални приоритети во МНР, Ненад Шундовски.

Гостите ќе имаат средба со градоначалникот, а ќе положат цвеќе на споменикот на демирхисарските револуционери во Демир Хисар и гробот на Даме Груев во Смилево.



[illegible]



